ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2023 07 05/1

Скопје, мај 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Новаци, на сметката на основен буџет (630), за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Новаци, сметка на основен буџет (630), за 2004 година, во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на Општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Новаци, сметка на основен буџет (630) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- старосната структура на побарувањата не е утврдена како и законската можност за нивна наплата;
- за присилна наплата на побарувањата не се преземаат дополнителни активности и не се пресметува и наплатува камата за данокот кој не е платен во пропишаниот рок;
- за побарувањата по основ на издадени налози за пресметување и плаќање такси и надоместоци, надоместок за уредување на градежно земјиште, повеќегодишен надоместок за издадена Б интегрирана дозвола како и на побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти не се води сметководствена евиденција;
- ажурирање на пазарната вредност на недвижниот имот на територијата на општината не е извршено;
- дел од даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот не се соодветно задолжени со данок на имот од денот на стекнување на имотот;
- во дел од годишните програми за работа се содржани планирани активности но не и потребни средства за реализација на одделните активности, а за реализација на програмите не се изготвени наративни извештаи;
- донесената Одлука за критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (земјоделско и градежно земјиште) не е усогласена со

Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот во однос на начинот на пресметување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште;

- кај дел од поднесените барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти не се почитуваат законски пропишаните рокови при постапувањето со истите, а за трошењето на остварените приходи од овој надомест не е доставен годишен извештај до Министерството за транспорт и врски;
- не се остваруват приходи од надоместокот за одржување на јавната чистота.

Во насока на надминување на утврдените состојби, дадовме препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот нагласување на прашања на неизвесност и континуитет обелоденуваме за состојби кои се однесуваат на доцнење во наплата на концесискиот надоместок, динамиката за донесувањето на урбанистички планови на општината како и за судските постапки во кои Општината е странка.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакнува системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините, а кои се однесуваат и тоа:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ и
- состојбата на регистарот на недвижности не е усогласена со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од страна на градоначалникот на Општина Новаци не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 14-464/1 од 26.03.2024 година.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 4 |
| 4. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет | 9 |
| 5. Останати прашања | 11 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 14 |
| 7. Опфат и ограничувања | 14 |
| 8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи | 14 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 15 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 16 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 17 |
| Биланс на состојба | 18 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБГ | Единствен матичен број на граѓани |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| Општината | Општина Новаци |
| ЈПКД | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| УСАИД | Агенција за доделување на финансиска помош формирана од Владата на Соединетите Американски Држави |
| УЈП | Управа за јавни приходи |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 14-464/5
Дата: 13.05.2024

## 1. Вовед

Општина Новаци е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа[2]. Општината ги опфаќа подрачјата на село Новаци и населените места Балдовенци, Бач, Брод, Будимирци, Гермијан, Горно Агларци, Градешница, Грумази, Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Орехово, Живојно, Зовиќ, Ивени, Маково, Мегленци, Орле, Паралово, Полог, Рапеш, Рибарци, Скочивир, Сливица, Старавина и Тепавци.

Општина Новаци, согласно член 22 од Законот, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на општината што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита на подрачјето на Општина Новаци и надзор над вршењето на работите од надлежност на општината.

Општина Новаци, во рамките на Законот за локална самоуправа, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 55/04, 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „ Службен весник на Република Македонија" број 5/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна 17 и 18 на Општина Новаци, на сметката на основен буџет (630), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Новаци за 2022 година на сметката на основен буџет (630) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извешти ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Новаци на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (630), како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Новаци за 2022 година, на сметката на основен буџет (630), се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите, согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година, евидентирани се побарувања во износ од 3.089 илјади денари кои се однесуваат на побарувања по основ на закупнини и даноци од имот и комунални такси и надоместоци за чие администрирање согласно закон е надлежна општината. Со увид во начинот на администрирањето и сметководственото евидентирање на побарувањата, утврдивме:

- Општина Новаци нема утврдено старосна структура за побарувањата по основ на данок на имот и дали постои законска можност за нивна наплата согласно член 84 и 85-а од Законот за даноците на имот[3], каде е уредено дека правото на утврдување и наплата на данокот застарува за пет години по истекот на годината во која требало да биде утврден односно правото на утврдување и наплата во секој случај застарува по истекот на десет години од истекот на годината во која данокот требало да биде утврден и наплатен;
- воспоставена е пракса при изготвување на решенијата за данок на имот и комунална такса за фирма за тековната година, да се достави и опомена за неплатени долгови од минати години. Во случај кога обврзникот нема да го плати данокот и комуналната такса и по доставената опомена, од страна на Општината не се преземаат дополнителни активности за присилна наплата на побарувањата, што не е во согласност со член 16 од Законот за комуналните такси, член 53 и член 73 од Законот за даноците на имот;
- при наплата на данокот на имот не се пресметува и наплатува камата за данокот кој не е платен во пропишаниот рок, што не е во согласност со член 79 од Законот за даноците на имот;
- Општината не води сметководствена евиденција на побарувањата по основ на издадени налози за пресметување и плаќање такси и надоместоци, надоместок за уредување на градежно земјиште, повеќегодишен надоместок за издадена Б интегрирана дозвола како и на побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. Ваквото постапување не е во согласност со член 2 став 1 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека буџетските корисници се должни да водат сметководство, составуваат и поднесуваат финансиски извештај, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, со член 7 став 2 од истиот закон во кој стои дека податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени,

[3] „ Службен весник на Република Македонија" број 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21

ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување и член 12 став 1 согласно кој внесувањето на податоците во деловните книги на мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Наведените состојби имаат влијание на реалното прикажување на побарувањата во финансиските извештаи, а не преземените мерки за навремена наплата имаат за ефект намалени приходи по основ на даноците на имот и комуналните такси.

Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности во насока на реално утврдување на основот на постоење на побарувањата, следење на старосната структура, соодветно евидентирање во деловните книги и навремено прземање мерки за нивна наплата.

### 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во текот на 2022 година по основ на даноци на имот на физички и правни лица, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности Општината има остварено приходи во износ од 4.976 илјади денари. Од извршениот увид во начинот на администрирање, утврдување и наплата на приходите по основ на даноци на имот, ги утврдивме следните состојби:

- Општина Новаци нема извршено ажурирање на пазарната вредност на недвижниот имот на територијата на општината согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот[4]. Наведената состојба не е во согласност со член 5 од Законот за даноците на имот[5], согласно кој основицата за данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена согласно Методологијата, а ревизија на пазарната вредност на недвижниот имот се врши на секои четири години. Не ажурираниот регистар на даночни обврзници има влијание на целосноста, точноста и комплетноста на приходите по основ на данок на имот;
- утврдувањето на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште при купопродажба на имот, промена на сопственост на имот во постапки при наследство и подарок како и во постапки за утврдување на

[4] Службен Весник на Република Северна Македонија број 54/12, 17 /13, 21/13 и 142/14

[5] Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.151/21), со важност од 01.01.2022 година

правен статус на бесправно изградени објекти се врши согласно Одлука[6] донесена во 2013 година. Наведената состојба не е во согласност со член 12 и член 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот каде е уредено дека пазарната вредност на градежното односно земјоделското земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето;

Истакнуваме дека од страна на Советот на општината во декември 2023 година е донесена Одлука за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделско земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршените купопродажби во претходната година[7];

- дел од даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот (корисници, со утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, наследници и друго) не се соодветно задолжени со данок на имот односно од денот на стекнување на имотот, издавањето на одобрение за употреба на недвижниот имот од надлежен орган или од денот на отпочнување на користење на имотот од страна на обврзникот, што не е во согласност со член 7 од Законот за даноците на имот каде е уредено дека даночната обврска за данокот на имот настанува со денот на стекнувањето на имотот, издавањето на одобрение за употреба на недвижниот имот од надлежен орган или од денот на отпочнување на користењето на имотот од обврзникот на данокот и
- донесените решенија за утврдениот данок на имот не содржат податок за земјоделското земјиште кое не се користи за земјоделско производство што не е во согласност со член 5 од Одлуката за утврдување на стапките на данокот на имот во Општина Новаци[8] и член 6 точка 3 од Законот за даноците на имот[9], каде е утврдена височината на стапката за пресметување на данокот на имот на земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство. Ваквото постапување влијае за помалку остварени приходи на Општината.

Наведените состојби имаат влијание на точноста на утврдените и наплатени

[6] Одлука за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршените купопродажби во претходната година број 07-834/7 од 15.11.2013 година.

[7] Одлука за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршените купопродажби во претходната година број 14-860/5 од 11.12.2023 година

[8] број 07-614/5 од 06.12.2005 година

[9] „Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15,23/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21

приходи по овие основи.

Истакнуваме дека УСАИД - Агенција за доделување на финансиска помош формирана од Владата на Соединетите Американски Држави, со цел јакнење општинските капацитети, има спроведено проект кој вклучува унапредување на квалитетот на даночниот систем, јакнење на оперативните капацитети за администрирање на локалните даноци и такси, како и подобрување на способноста на локалната самоуправа во планирањето, управувањето и реализирањето на јавните приходи. Општина Новаци во 2022 година има склучено Меморандум за соработка[10] со изведувачот и имплементаторот на Проектот на УСАИД и во 2023 година има започнато активности за повторна процена и ажурирање на базата на податоци за данокот на имот, идентификување и регистрација на нови имоти и даночни обврзници и процена на новооткриените имоти. На увид ни беа доставени предмети од физички лица за утврдување на данок на имот од 2023 година, кои содржат податоци за процена согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот и воведено е земјоделското земјиште како предмет на оданочување, согласно Законот за даноците на имот.

**Препорака**

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- продолжување на активноста за ажурирање на пазарната вредност на недвижниот имот на територијата на општината и
- даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот, да бидат задолжени со данок на имот од денот на стекнувањето или користењето на истиот.

3.2.2. Со Законот за локална самоуправа дефинирани се надлежностите и работите од јавен интерес и локално значење кои Општината самостојно ги врши. Работите кои Општината задолжително ги врши се уредуваат со Програми кои ги носи Советот на Општината, на начин уреден со Статутот. Со Програмите се дефинираат проектите и активностите кои Општината планира да ги спроведе во тековната година во определена дејност, начинот на кој истите ќе се спроведат и предвидениот буџет.

Со извршениот увид во начинот на распределба на средствата по програмите и нивната реализација утврдивме дека дел од програмите[11] ги содржат

[10] Memorandum of understanding between CADNO Emerging Markets KE LTD. And Municipality of Novaci Број 03-85/2 од 07.04.2022 година

[11] Програмата за култура, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2022 година Број 14-1079/12 од 29.12.2021 година, Програмата за активностите на Општина Новаци во обласра на Локалниот

проектите што треба да се реализираат во тековната година, но по проект не се наведени потребните финансиски средства за нивана реализација. За реализација на програмите не се изготвени извештаи со наративен опис за реализираните активности и финансиски податоци за искористените средства за секоја поединечна активност, ниту се преземени активности за информирање на јавноста за степенот на реализирање на програмите. Наведените состојби не се во согласност со член 37 од Законот за буџетите[12] каде е уредено дека Буџетите се подготвуваат и извршуваат во согласност со начелата на сеопфатност специфичност, економичност, ефикасност, ефективност, транспарентност и сигурно финансиско управување и создаваат можност за несоодветен и субјективен начин на распределба на парични средства за реализација на програмските активности и не обезбедуваат транспарентност за трошењето на средствата од буџетот на Општината.

Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности:

- во одделните програми за работа за планираните активности да биде утврдена и финансиска рамка и
- изготвување на наративни извештаи за реализација на програмите со финансиски податоци за секоја поединечна реализирана активност.

3.2.3. Со Законот за постапување со бесправно изградени објекти[13] се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти. Во Општина Новаци, во рок се поднесени вкупно 1.212 барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, од кои 312 барања или 25,74% се сеуште во постапка.

Со извршените детални тестирања за предмети спроведени во 2022 година, констатиравме одредени состојби кои упатуваат на не почитување на законските одредби и тоа:

- кај дел од поднесените барања не се почитуваат законски пропишаните рокови при: донесување на заклучок за прекин на постапката, донесување на урбанистичка согласност, изготвување на записник за извршен увид на лице место, донесување на заклучок за плаќање на надоместокот и

економски развој во 2022 година Број 14-1079/15 од29.12.2021 година, Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022 година Број 14-1079/1 од 29.12.2021 година

[12] Службен весник на Република Македонија" бр.64/05,04/08 , 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21.

[13] Службен весник на Република Македонија бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Службен весник на Република Северна Македонија број 174/21

решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, дефинирани со одредбите од член 10 став 1, член 20 став 1 и член 21 став 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Не почитувањето на роковите за постапување од страна на одговорните лица во Општината, доведува до ненавремено информирање на барателите за дополнување на документацијата, пролонгирање на постапките и неможност на сопствениците навремено да го впишат имотот во Агенцијата за катастар на недвижности;

- во 2022 година, Општината има остварено приходи по основ на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во висина од 135 илјади денари, а за користење на средствата од надоместокот не ни беше презентиран доказ дека Општината има изготвено и доставено Годишен извештај до Министерството за транспорт и врски, што не е во согласност со членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и влијае врз транспарентноста во однос на наменското користење на средствата за донесување на урбанистичко планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

За остварените приходи во 2023 Општината има изготвено и доставено извештај до надлежното министерство.

Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- навремено донесување на решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во согласност со законски пропишаните рокови;
- редовно доставување годишен извештај до Министерството за транспорт и врски за користењето на средства од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

3.2.4. Општина Новаци не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавната чистота. Одржувањето на јавната чистота на подрачјето на општината го врши ЈПКД „Комунална хигиена Новаци“ врз основ на донесена Програма за одржување на јавна чистота[14] од Советот на општината и Одлука за утврдување на цените на производите и услугите на јавното претпријатие за комунални дејности, усвоена од Советот, која содржи цени на комуналните услуги за транспортирање и собирање на комунален отпад за физички и правни лица. Јавното претпријатие врши наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота преку доставување на сметки до корисниците и

[14] 14-1079/20 од 29.12.2021 година

наплатените средства не ги уплаќа на сметката на Општината што не е во согласност со член 25 од Законот за јавна чистота каде е предвидено дека наплатените средства од надоместокот за одржување на јавна чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота. Ваквата пракса на недозначување на наплатените средства од јавното претпријатие во корист на буџетската сметка е присутна и во минати години што има за ефект помалку остварени приходи во буџетот на Општината.

По овој основ ЈПКД „Комунална хигиена Новаци“, во 2022 година има наплатено средства во износ од 227 илјади денари, кои не се пренесени на сметката на Општината. Согласно Програмата за одржување на јавна чистота, Општината врз основа на доставени фактури за одржување на јавната чистота во 2022 година на јавното претпријатие му исплатила 2.995 илјади денари.

Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности за редовно следење на наплатата на надоместокот за јавна чистота и негова уплата на сметката на Општината.

## 4. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

4.1. Ревизијата има обврска да обелодени дека склучен е Договор за концесија за екплоатација на минерална суровина-јаглен на локалитетот Живојно Општина Новаци[15], помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Министерство за економија како Концедент и Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Република Северна Македонија во државна сопственост како Концесионер, со кој се уредени правата и обврските помеѓу договорните страни. Согласно член 75 од Законот за минерални суровини, надоместок за користење на простор се плаќа годишно, додека плаќањето на концесиските надоместоци за продадената суровина се врши на секои три месеци за продадените количини на минералните суровини од страна на концесионерот. Во член 10 од склучениот договор е наведено дека Концесионерот има обврска да плаќа концесиски надоместок за продадената количина на минерална суровина најдоцна до 15-ти во месецот кој што следи по истекот на трите месеци кои што служат како основа за пресметка. При доцнење на долгуваниот износ на концесиски надоместок, уредено е дека покрај главнината се пресметува и законска затезна камата, во согласност со законот за Облигациони односи.

Во текот на 2022 година во Општина Новаци не се пристигнати приходи по основ на концесиски надоместок, односно не е обезбедено почитување на член

[15] Број 03-398/1 од 28.03.2022 година

10 од Договорот. Поради тоа, Градоначалникот на Општината доставил Допис[16] до Управниот одбор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Република Северна Македонија во државна сопственост со кој бара да се изврши трансферирање на средствата согласно Законот за минерални суровини и склучениот договор. Од стана на концесионерот не е доставен одговор како образложение за ненавремената уплата на средствата.

Во периодот од јануари до март 2023 година од страна на концесионерот е платен концесискиот надоместок за 2022 година во вкупен износ од 48.349 илјади денари, но Општината неможе да утврди дали во уплатениот износ е пресметана и законската затезна камата согласно одредбите во склучениот договор.

Задоцнета уплата на концесискиот надоместок има влијание на остварувањето на планираните приходи во буџетот на Општината, кои за 2022 година бележат остварување од 64,97%.

Ревизијата смета дека Општина Новаци за наведените состојби треба да го извести Концедентот- Министерството за економија како и Управата за јавни приходи.

4.2. Со извршениот увид во урбанистичката документација која се однесува на Општина Новаци, утврдивме дека општината заклучно со известувањето од извршената ревизија нема донесено урбанистички планови за села. Од извршениот разговор со одговорните лица од Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој е добиена информација и поткрепувачка документација како доказ дека добивањето на дозвола за градење во општината се регулира со важечки општи акти, урбанистички проекти и урбанистички планови вон населено место. Во општината во тек се постапки за донесување на урбанистички планови за 10 (десет)[17] најголеми и најатрактивни села, од кои 5 (пет)[18]од нив се во завршна фаза со завршена јавна анкета и јавна презентација, за кои во тек се корекциите по доставените забелешки, по што истите ќе се достават во Министерството за транспорт и врски за добивање на согласност. При урбанистичкото планирање земени се предвид објектите со стекнат правен статус согласно Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, како обврска на општината и истите со донесување на плановите ќе бидат вклопени во урбанистичките документации. До донесувањето на урбанистичките планови, Општината работи и издава

[16] Број 03-387/1 од 24.03.2023 година

[17] Рибарци, Новаци, Гермијан, Градешница, Живојно, Будимирци, Горно Агларци, Добромири, Далбеговци, Бач

[18] Новаци, Горно Агларци, Добромири, Далбеговци и Бач

одобренија за градење согласно постоечките општи акти, кои се изработени за скоро сите населени села. Ревизијата укажува на потреба од интензивирање на активностите за донесување на урбанистичкии планови за сите населени места на териритија на општина Новаци.

4.3. Обрнуваме внимание дека Општина Новаци заклучно со 31.12.2022 година е тужител во една судска постапка од 2015 година против две правни лица поради задоцнување при вршење на услуга по основ на склучен договор за јавна набавка, во вкупен износ од 412 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судска постапка што се води пред надлежните судови, за која е добиена правосилна пресуда, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на општината.

## 5. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кои имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

5.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

5.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот

Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

## 5.3. Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот

Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Општина Новаци и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во општините во Република Северна Македонија, даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

## Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти

5.4. Во текот на 2022 година по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти остварен е приход во вкупен износ од 135 илјади денари. Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти[19] заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект се изготвува од страна на Општина Новаци. Согласно законот, обврската за плаќање на надоместокот настанува во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот, а доколку не се плати во утврдениот рок предвидена е можност за одложено плаќање на дванаесет месечни рати. Со

[19] „Службен весник на Република Македонија “ број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174/21

извршената анализа на законското решение во делот на наплатата на надоместокот, констатиравме дека по изготвување на заклучокот за плаќање на надоместокот општинската администрација на Општина Новаци нема законски основ во кој е пропишан рок за подигнување на заклучокот и следење на рокот за негова наплата.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 11.12.2023 до 09.02.2024 година кај Општина Новаци од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Новаци, сметка на основен буџет (630), за 2004 година, во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на делокругот на ревизијата.

## 8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Новаци, застапувано од:

- Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци од 29.10.2021 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на општината, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Новаци, одржан на ден 16.02.2024 година, за истите дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Новаци не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 14-464/1 од 26.03.2024 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 13.861 | 7.830 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 2.181 | 552 |
| Капитални приходи | 3.3. | 38.204 | 41.252 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 34.069 | 38.588 |
| **Вкупно приходи** | | **88.315** | **88.222** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 17.312 | 16.475 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 17 | 50 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 25.888 | 21.846 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 41 | 36 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.6. | 10.281 | 12.142 |
| Социјални бенефиции | 3.5.7. | 766 | 985 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **54.305** | **51.534** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **29.307** | **32.310** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **533** | **1.067** |
| **Вкупно расходи** | | **84.145** | **84.911** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | 3.8. | **4.170** | **3.311** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2022 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4.170 | 3.311 |
| Побарувања | 4.1.2. | 3.089 | 2.804 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7.259** | **6.115** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **7.259** | **6.115** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.1. | 7.259 | 6.115 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **7.259** | **6.115** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **7.259** | **6.115** |